Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **Друштво за градежништво проектирање и инженеринг МАРАИ ДООЕЛ Скопје, Друштво за градежништво, трговија и услуги РЕАГРОУП ДОО Скопје и Друштво за трговија и услуги РУДИ ИНГ ДОО Скопје**, за пресадување на зеленилото, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## **Р Е Ш Е Н И Е**

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши пресадување ( корнење и повторно садење ) на урбано зеленило ( останато зеленило ) на 2 (две) дрвја ( орев и јавор ), кои се наоѓаат на дел од КП 6446/2, дел од КП 6447/6, КП 6449/5, КП 6449/6, КП 6449/2, КП 6446/1, КП 6463/1, КП 6449/3 и КП 13556/4, КО Ѓорче Петров 4 Влае – општина Ѓорче Петров во општина Ѓорче Петров **– Скопје.**
2. Пресадувањето на зеленилото треба да го изврши барателот под надзор на ЈП „Паркови и зеленило" – Скопје на локација утврдена во кординација со ЈП „Паркови и зеленило" – Скопје
3. Пресадувањето да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.
4. Се задолжува ЈП „Паркови и зеленило" – Скопје да изготви записник за сите дејствиа предвидени во точка 1 од ова решение.

## **О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**Друштво за градежништво проектирање и инженеринг МАРАИ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „Васил Ѓоргов" бр.19 А пр/локал 2 – Скопје, Друштво за градежништво, трговија и услуги РЕАГРОУП ДОО Скопје со седиште на ул. „Дарданиа" бр.89 - Скопје и Друштво за трговија и услуги РУДИ ИНГ ДОО Скопје со седиште на ул. „Лука Геров 2" бр. 5в - Скопје,** поднесоа барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/99** од **26.02.2024** година, што се наоѓаат на дел од КП 6446/2, дел од КП 6447/6, КП 6449/5, КП 6449/6, КП 6449/2, КП 6446/1, КП 6463/1, КП 6449/3 и КП 13556/4, КО Ѓорче Петров 4 Влае – општина Ѓорче Петров во општина Ѓорче Петров **– Скопје.**
Службено лице од Град Скопје заедно со службеникот од ЈП „Паркови и зеленило" – Скопје, го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека, зеленилото предмет на барањето пречи при изведба на градежни работи согласно Правосилно Одобрение за градба Уп1. Бр. 28-1960 од 24.02.2024 год. издадено од Општина Ѓорче Петров.

Согласно член 10 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20 ) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица, или дадени на нивно користење.
Согласно член 11 став 1 точка 1 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) зелените површините покрај објекти за домување (станбени куќи, станбени згради и друго) се сметаат за тип на останато зеленило.

Во член 14 од истиот закон стои дека, подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно

или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.

Во член 34 став 1 од истиот закон е наведено дека интервенцијата врз зеленило може да се врши и заради изградба на објекти предвидени со урбанистички планови. Во став 2 од истиот член е наведено дека условите за реализација се утврдуваат во самото решение.

Во конкретниот случај, овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило дека барателот располага со правосилно одобрение за градба. Согласно наведеното, а имајќи ја во предвид состојбата на зеленилото, како и основната цел содржана во член 3 став 1 од Законот урбано зеленило односно, дека управувањето со урбаното зеленило се врши на начин на кој трајно ќе се сочува и зголеми неговата вредност, за да може да ги врши своите функции, овој орган има одлучено да се врши пресадување на зеленилото (корнење и повторно садење ) под надзор на ЈП „Паркови и зеленило“ – Скопје.
Бидејќи во случајот не се врши сечење на зеленилото не постојат услови да му се наметне обврска на барателот за компензациско садење.

Поради се горе наведеното овој орган има одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/99/2**
**28.02.2024** година
Скопје

**Доставено до:**
Барателот, ЈП Паркови и зеленило – Скопје и Архива

изготвил:

**Александра Гочевска**

____________________

Раководител на Одд.
**Емил Дуровиќ**

____________________

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARRJA PUBLIKE
ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО - СКОПЈЕ
PARQE DHE GJELBËRIME - SHKUP

| Примено / Pranuar | 20 03 2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Njës. org. | Број / Numër | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| 08-5 | 85 | | |

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Сектор

**Зоран Лапевски**

____________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP